# ПРВ СКОПСКИ
# ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## 2025

Извештајот е подготвен од
**БОЈАН ЃОШЕВ**

# Содржина на документот


1. Историја и вовед ........ 2
   1.1 Кратка историја за извидништвото ........ 2
   1.2 За нас ........ 3
   1.3 Мисија и цел ........ 3
   1.4 Завет и Извиднички закони ........ 3
2. Преглед на активностите во 2024 година ........ 4
   2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО ........ 4
   2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО ........ 10
   2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО ........ 12
   2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО ........ 12
   2.5Национални активности посетени од ПСИО ........ 14
3. Новости во ПСИО ........ 18
4. Проекти ........ 19
5. Структура и волонтери во ПСИО ........ 20

# 1. Историја и вовед

## 1.1 Кратка историја за извидништвото



Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон – Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3години.Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност.

Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING).Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп,кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година(1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година зазаслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери, Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

## 1.2 За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента1952 година, за подоцна во 1953година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 150 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во 5 јата, 4 патроли, 2 клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.



## 1.3 Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

## 1.4 Завет и Извиднички закони

Завет

„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони:

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони:

1.На извидникот му е чест да му веруваат
2.Извидникот е корисен
3.Извидникот е добар другар
4.Извидникот е учтив
5.Извидникот е оптимист
6.Извидникот е верен и одговорен
7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8.Извидникот ја цени природата
9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

# 2. Преглед на активностите во 2024 година

ПСИО во 2024 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, проекти, размени чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.

## 2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Свечено давање извиднички завет – 17.01.2025



На 17 јануари 2025 година беше одржано свечено давање извиднички завет, на која новите членови официјално се приклучија кон извидничкото движење. Со давање на заветот, тие ја потврдија својата подготвеност да живеат и работат по извидничките вредности и закони, да придонесуваат кон општеството и активно да учествуваат во извидничките активности. Настанот претставуваше важен чекор во нивното извидничко развивање и формално вклучување во извидничката фамилија. Извидничкото движење е најголемата младинска организација со повеќе од 50 милиони деца и млади од 180 земји

2. Изложбата за автохтони видови на водоземци и влекачи – 25.01.2026



Вчера нашите ПСИОвци присуствуваа на изложбата за автохтони видови на водоземци и влекачи која беше организирана од Македонско еколошко друштво а се одржи во просториите на Театар Комедија.
Одржано беше едукативно предавање на истата тема од херпатологот Д-р Драган Арсовски.
Доделени беа и признанија за авторите на победничките фотографии од фото-конкурсот кој МЕД го спроведе минатата година.
Имавме одлична едукација и научивме нешто повеќе за тоа како да ги препознаваме желките, гуштерите, змиите, жабите и други видови на водоземци и влекачи во нашата земја.мк
До следно видување,
Биди подготвен

3. Добро дело Патрола Панди 03.03.2025



Заедно со младите и извидниците на семафорите на Партизанска поделивме флаери со информации во рамки на кампањата „Совесен возач“ со цел да ја подигнеме свеста за совесно и одговорно возење.
Секојдневно сме сведоци на трагични настани на улиците и тоа не смееме да го игнорираме. Затоа ги повикувам младите од Центар да аплицираат на јавниот повик за субвенции за полагање возачки испит и да се приклучат на нашата кампања за безбедноста во сообраќајот.
❌Возењето без возачка дозвола е ризик за сите! Бидете одговорни и не го загрозувајте ниту својот, ниту животите на другите. Вози одговорно!

4. Добро дело – јато Кокичиња и јато Глуварчиња



Купи колаче, земи чајче
Во месец Февруари, по повод ,,Денот на Извидниците’’ Јатото Глуварчиња и Кокичиња ја исполнија нивната извидничка должност и го спроведоа нивното добро дело.
Оваа година како добро дело извидниците сами дома направија превкусни колачиња каде што потоа искочија во Градски парк и ги продаваа колачињата, а со секое купено колаче доаѓаше и чашка топло чајче. Парите што ги собраа од доброто дело ги донираа на место каде што беа најмногу потребни.
Биди подготвен!

5. Добро дело Патрола Леопарди 19.02.2025



Извиднички состанок со „ Сумнал - Здружение за развој на ромската заедница во Северна Македонија“.
На 19.02.2025г Децата од „Сумнал“ – Скопје имаа можност, заедно со членовите на Првиот Скопски Извиднички Одред, Патрола Леопарди да уживаат во заедничка извидничка дружба, а притоа и да се запознаат со тоа како е да се биде извидник и кои вештини се потребни за оваа улога.
Преку различни активности, тие научија основни извиднички техники, како што се ориентирање во природа, врзување јазли, лак и стрела, отварање на шатор и тимска работа, што им овозможи на сите учесници да го искусат духот на извидништвото.
Покрај тоа, децата ги совладаа основите на кампување и преживување во природа, стекнувајќи нови знаења на забавен и едукативен начин.
Биди подготвен!.

6. Крводарителска акција по повод 22 Фверуари



Крводарителска акција 2025
На 20 февруари, по повод Денот на извидниците, Прв Скопски Извиднички Одред учествуваше на крводарителска акција која беше организирана од страна на Сојуз на Извидници на Македонија.
Во духот на солидарноста и хуманоста, членови на одредот и нивните родители се вклучија во оваа благородна иницијатива, дарувајќи крв и придонесувајќи за спасување животи.
⚜Оваа акција е уште еден доказ дека извидниците не само што учат за вредностите на добрината и несебичноста, туку и активно ги применуваат во заедницата. Голема благодарност до сите што учествуваа и помогнаа да го одбележиме овој значаен ден на вистински извиднички начин!
Биди подготвен

7. Патрола Капибари добро дело 08.03.2025




По повод 8-ми март – Меѓународниот ден на жената, извидниците од Патрола Капибари⚜ излегоа на улиците низ Центар и Градски парк со една убава мисија – да им подаруваат цвеќиња со пораки на жените и да им го разубават денот.
Со насмевки и искрени честитки, тие им оддадоа почит на жените и нивната улога во општеството.
Оваа мала, но значајна акција уште еднаш покажа дека со добри дела можеме да внесеме радост во секојдневието на другите.
Биди подговтен!!!

8. Едукативни работилници преку проекот „ЕУ за чист воздух“ – 02.04.2025

Нашите извидници на 2 Април ги посетија учениците од четврто до седмо одделение во ООУ „Братство“, каде што одржаа едукативни работилници кои се реализираа во соработка со проектот „ЕУ за чист воздух“💨 на Европската Унија кој го спроведува Канцеларијата на Обединети Нации за проектни услуги UNOPS.



🌲Притоа, четвртоодделенците изработуваа куќички за птици, петоодделенците решаваа еколошки тестови, шестоодделенците симулираа (изработија) еко-систем во тегла, додека пак седмоодделенците се натпреваруваа во популарната игра, џиновска „Џенга“. На крајот од работилниците сите заедно посадивме 10 дрвја во дворот на училиштето.
Биди подготвен!

9. Посета на „ООУ Димитар Миладинов“ во Општина Центар – Скопје 03.04.2025

Извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред заедно со Канцеларијата на обединети нации за проектни услуги UNOPS во посета на „ООУ Димитар Миладинов“ во Општина Центар - Скопје спроведоа работилници за чист воздух и одржлива животна средина како дел од проектот ЕУзаЧистВоздух.

10. Еко-работилници во „Кузман Шапкарев“ 04.04.2025

04.04.2025 - Еко-работилници во „Кузман Шапкарев“
Со насмевки, енергија и полни раце работа, нашиот Прв скопски извиднички одред беше дел од оваа супер зелена акција! 🌳
⚜Извидниците одржаа креативни и едукативни работилници за најмладите, каде учењето за природата се претвори во вистинска авантура! 🎨

11. Извиднички состанок на јато Желади 16.04.2025

Јато Желади и нивните рачни изработки!
Последниот состанок Желади научија нешто повеќе за процесот на работа со глина. Имено ни раскажаа дека прво глината се гмечи и размекнува, потоа со помош на шаблонот се прецртува посакуваниот облик и најпосле се вцртуваат различни текстури. До следен состанок ќе ги имаме нашите дела испечени и спремни за да ги обоиме!

12. Изборно собрание на Прв Скопски Извиднички Одред 25.05.2025



Денес 25ти мај 2025г. во просториите на ПСИО се одржа изборно собрание на организацијата. Со 14 пристутни од 16 членови на Собрание за нов Старешина, претседател на Прв Скопски Извиднички Одред се изгласа Бојан Ѓошев како и членови на Старешинство Виктор Гилев, Сара Крајчевска, Андреј Кузевски и Кристијан Китанов. Надзорниот имаше промена каде на местото на Андреј Кузевски беше изгласан Златко Михајловски. Воедно беше презентиран извештајот за 2024 година, тековните и идни настани.
Изразуваме голема благодарност на досегашниот старешина Ивана Манчевска и им посакуваме успешна работа на новиот старешина и старешинство на ПСИО.
Со извиднички поздрав,
БИДИ ПОДГОТВЕН!

13. „Пролетни Бакнежи, Прегратки 2025“ – 04.06.2025

„Пролетни Бакнежи, Прегратки 2025“ уште еднаш ни покажа што значи вистински извиднички дух, заедништво и активност во природа. На оваа традиционална извидничка акција учествуваа повеќе од 180 извидници, распоредени во 30 екипи, кои поминаа низ 10 контролни точки под заедничка тема „Пат околу светот“.



Преку различни предизвици, задачи и креативни активности, учесниците имаа можност да ги развиваат тимската работа, снаодливоста и извидничките вештини, како и да се запознаат со различни култури и делови од светот. Настанот помина во одлична атмосфера, исполнета со позитивна енергија, дружење и нови пријателства.
Голема благодарност до сите извидници, водачи, волонтери и организатори кои со својата посветеност и ентузијазам придонесоа за успешна реализација на оваа традиционална акција и уште една незаборавна извидничка приказна.

14. Извиднички Состанок во ООУ Коле Неделковски 17.10.2025

Денеска го посетивме и одржавме извиднички состаноци во Основното Училиште Коле Неделковски.
⚜️На извидничките состаноци присуствуваа повеќе од 60 ученици. На состаноците учениците имаа можност да слушнат нешто повеќе за извидниците, за заштита на животната средина и да го измерат нивниот еколошки отпечаток.
🔋Оваа активност е дел од проектот ,,Еко Траг’’ кој е поддржан од Општина Центар - Скопје.
🐾Како резултат на целиот проект ќе добиеме еден податок за еколошкиот отпечаток за тоа колку секојдневниот животен стил влијае на загадувањето на природата и секако ќе добиеме активни граѓани кои се залагаат за чиста животна средина.

15. Извиднички Состанок во ООУ Киро Глигоров 03.11.2025

Го посетивме и одржавме извиднички состанок во Основното Училиште Киро Глигоров.
⚜️На состанокот учениците имаа можност да слушнат нешто повеќе за извидниците, за заштита на животната средина и да го измерат нивниот еколошки отпечаток.

📋Оваа активност е дел од проектот ,,Еко Траг'' кој е поддржан од Општина Центар - Скопје
🐾Како резултат на целиот проект ќе добиеме еден податок за еколошкиот отпечаток за тоа колку секојдневниот животен стил влијае на загадувањето на природата и секако ќе добиеме активни граѓани кои се залагаат за чиста животна средина.

16. Извиднички состаноци во Основните училишта Кочо Рацин и Димитар Миладинов во Општина Центар – Скопје - 05.11 и 06.11.2025



На ден 05.11 и 06.11 одржавме извиднички состаноци во Основните училишта Кочо Рацин и Димитар Миладинов во Општина Центар - Скопје
⚜На извидничките состаноци присуствуваа повеќе од 80 ученици. На состаноците учениците имаа можност да споделат како они се грижат за природата, да слушнат нешто повеќе за заштита на животната средина, за животот на извидниците, да го измерат нивниот еколошки отпечаток и по пат на игра да го исчистат нивниот училишен двор.
📋Оваа активност е дел од проектот ,,Еко Траг'' кој е поддржан од Општина Центар и Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia.
🐾Како резултат на целиот проект ќе добиеме и еден податок за еколошкиот отпечаток на повеќе од 300 семејства за тоа колку нивниот секојдневен животен стил влијае на загадувањето на природата, а воедно ќе добиеме чисти училишни дворови и секако активни граѓани кои се залагаат за чиста животна средина. 🌲
БИДИ ПОДГОТВЕН

17. Извиднички состаноци во Основните училишта 11 октомври, Гоце Делчев и Кирил и Методиј во Општина Центар – Скопје 10.11 и 12.11.2025

На ден 10.11 и 12.11 одржавме извиднички состаноци во Основните училишта 11 октомври, Гоце Делчев и Кирил и Методиј во Општина Центар - Скопје
⚜На извидничките состаноци присуствуваа повеќе од 70 ученици. На состаноците учениците имаа можност да споделат како они се грижат за природата, да слушнат нешто повеќе за заштита на животната средина, за животот на извидниците и да го измерат нивниот еколошки отпечаток.
📋Оваа активност е дел од проектот ,,Еко Траг'' кој е поддржан од Општина Центар.
🐾Како резултат на целиот проект ќе добиеме и еден податок за еколошкиот отпечаток на повеќе од 300 семејства за тоа колку нивниот секојдневен животен стил влијае на загадувањето на природата, а воедно ќе добиеме чисти училишни дворови и секако активни граѓани кои се залагаат за чиста животна средина. 🌲
БИДИ ПОДГОТВЕН

18. Гоблин Илегалец 20.12.2025

На ден 20.12 се одржа традиционалната акција Гоблин Илегалец на која учествуваа сите развигорци од ПСИО.

Нашите извидници уште еднаш покажаа дека студот не е пречка за добра акција!



Во организација на помладите извидници, а со учество на развигорците, ја реализиравме акцијата „Гоблин илегалец“ на тема Падингтон

Иако времето беше ладно, повторно избравме да бидеме надвор, да се движиме, да играме и да уживаме во извидничките активности. Насмевки и убаво поминато време, токму она што ја прави акцијата посебна.

Со оваа активност ја заокружуваме последната активност за оваа година, благодарни за сите моменти, предизвици и спомени што ги создадовме заедно.

До следната авантура!

## 2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО

19. Зимски извинички камп 2025 – Смрека, Попова Шапка

Во периодот од 15-19 Јануари 2025 година се одржа нашиот Зимски камп на Попова Шапка во Пл. Дом Смрека. Темата на овогодишниот камп ни беше ПСИОлимписки игри каде што учествуваа повеќе од 60 извидници од нашиот одред.



Сите извидниците беа поделени во 8 различни држави како КанадаCA, АмерикаUS, Јужна КореаKR, ШведскаSE, ИаталијаIT, ГерманијаDE, ФранцијаFR и РусијаRU.

Во првиот период од денот државите се натпреваруваа и забавуваа во дисциплини како триатлон, градење на игло, стреличарство, capture the flag, градење на највисока кула од снег, камуфлажа, санкање, грабни марама и нашата најомилена игра маус.

Вториот дел од денот ни беше резервиран за внатрешни активности. Државите имаа задачи да изработат, олимписка маскота, презентација за нивната држава и мини боб-санка. Исто така државите се натпреваруваа во корејската игра далгона, падот на колачето, фати го лебчето и играта 2 во 1.

Вечерите ни беа исполнети со КЗП-културно забавна програма каде што гледавме филм, игравме кахоот, дававме извиднички завет и гледавме претстава која беше спремена од извидниците кои го полагаа извидничкото вештарство Драма.

За време на зимскиот камп се полагаа 5 извиднички вештарства, Курир, Драма, Прва помош и заштита, Јазли и Готвач.

Огромна благодарност до нашите верни пријатели MAMA's - Macedonian Traditional Recipes (English), Vezë Sharri & Lecker и Месарница МЕЧКА кој не поддржаа со нивните прехрамбени производи и се погрижија извидниците да уживаат во нивните оброци.

⚜Сите си поминавме одлично со многу забава, едукација, авантура и незаборавно искуство.
До следно видување,
Биди подготвен

20. Пролетен Бивак 2025 – ПСИОплов 01.05 – 04.05.2025

Од 1 до 4 мај, Прв Скопски Извиднички Одред го одржа традиционалниот пролетен бивак, на кој учествуваа 75 извидници полни со енергија, тимски дух и желба за нови авантури!

⚜Темата на овој бивак беше ПСИОплов – патување низ времето каде што нашите извидници имаа можност да запловат низ историјата на нашиот одред и да се запознаат со патролите кои оставиле свој белег во изминатите генерации.⌛



🧩Преку низа од незаборавни активности инспирирани од минатите кампови, учесниците беа поделени во екипи именувани по поранешните патроли, што внесе дополнителна мотивација и дух на поврзаност меѓу генерациите.

Освен забавниот дел, извидниците имаа можност да положат и важни извиднички вештини како: Огништа, Стрелаштво и стреличарство, Сигнализација и Пионерство.

🎬Вечерите ни беа исполнети со активности покрај логорски оган и КЗП 🔥каде што извидниците имаа можност да учествуваат на квизот „Кој сака да биде ПСИОвец“, да месат и да направат лепче на оган🥖, да учествуваат на извидничка аукција и да уживаат во правење и јадење на маршмелоус.

🏕Овој бивак не беше само камп, беше потсетник за тоа што значи да се биде дел од ПСИО.

🙏Голема благодарност до нашите пријатели MAMA's - Macedonian Traditional Recipes (English), Vezë Sharri & Lecker и Mesarnica Morava NGкои не поддржаа со нивните прехрамбени производи. Еден извиднички камп нема да е ист без вашите производи, Ви благодариме.
Со извиднички поздрав,
ЗДРАВО

21. Есенски Бивак 2025 10-12.10.2025 – Извиднички Дом Чичко Боро

Во периодот од 10 до 12 октомври во извиднички дом Чичко Боро ПСИО го организираше својот есенски бивак каде што учествуваа 90 извидници.
⚜Деновите ни беа исполнети со активности како градење на бивак, готвење на логорски оган, хајк, учење на извидничката химна, закони и полагање на извидничките вештарства јазли🪢, патни занци🔜, сиганлизација🏁, ориентација🧭и нашето ново вештарство шаторизација🏕.
🌀Вечерите ни беа резервирани за забава покрај логорски оган🔥каде што имавме натпревар во јазли и печење на маршмелоус.
⚜Три дена поминати во забава, смеа, игра, авантура и учење на нови вештини.
👏Честитки до сите што ги положија извидничките вештарства, се гледаме на следен камп.
Биди подготвен!!!



## 2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО

22. Извидничка размена Scout It Out – 04.07. – 09.07.2025

Во периодот од 4 до 9 јули се одржа извидничката размена Scout it Out која беше организирана од страна на Прв Скопски Извиднички Одред и Scouts en Gidsen Sint-Bernadette Deurne. Извидничката размена се одржа во нашиот извиднички дом Чичко Боро, Китка на која учествуваа 25 извидници од Белгија, 4 од Србија и 15 од Македонија. За време на оваа размена учесниците шест дена патуваа низ природните убавини на планината Китка и се искачија до планинарскиот дом Караџица, подготвуваа културни вечери, презентации и активности преку кои се запознаа со обичаите и традициите на другите земји, учествуваа во тимски игри и работилници што ги поттикнуваа соработката, комуникацијата и пријателството.



Оваа размена имаше за цел  промоција на македонскатамк традиционална храна, култура и обичаи, се со цел да ја доближиме Македонија до младите учесници преку автентично гастрономско искуство, оваа цел не би била возможна без поддршката од нашите долгогодишни пријатели MAMA's - Macedonian Traditional Recipes (English) и Vezë Sharri & Lecker
Биди подготвен!

## 2.3 Меѓународни активности посетени од ПСИО

23. 7ма Смотра на Сојуз на Извидници на Црна Гора 18.07 – 26.07.2025

Во периодот од 18 до 26 јули, ПСИОвци беа дел од 50те извидници од Македонија кои учествуваа на 7-мата Извидничка Смотра на Црна Гора која се одржа во Грахово, Никшич. На смотрата учествуваа извидници од повеќе од 15 држави.⚜️



Нашите извидници имаа можност да уживаат во убавините на градот Никшич и Котор, да учествуваат на активности за пливање, ватерполо, лак и стрела, креативни работилници, работилници за животната средина и сл.

Посебно интересни беа екскурзиите до некои од најубавите места во Црна Гора како што се националните паркови Ловчен и Дурмитор, како и прошетките низ живописните кањони и природните чуда кои ги нуди оваа земја.

Вечерите беа исполнети со културно забавна програма како интернационална вечер, настапи на познати артисти и диџеи, игри под ѕвездите и логорски оган.

Патувањето низ Црна гора, новите пријателства, искуства, авантури, забави и заедничката грижа за природата придонесе за едно незаборавно искуство на нашите извидници.

Биди подготвен!

24. МООТ 2025, Португалија 25.07. – 03.08.2025

Во периодот од 25 јули до 3 август 2025 година, нашите ровери Бојан, Кузе, Сара, Ања и Тео учествуваа на 16-тиот Светски извиднички МООТ во Португалијарт, на овој настан учествуваа над 9.000 ровери и волонтери од повеќе од 90 земји.

МООТот беше организира во два дела:

Патеки - (25-30 јули)

Учесниците беа групирани во патроли од околу 50 извидници и распоредени низ различни региони во Португалија, нашите извидници беа во Обидос, Амаранте, Синтра и Брага.#




Извидниците дознаа повеќе за локалните култури, гастрономијата🥘, пејзажите и традициите, создавајќи длабоки врски и доживувајќи го португалскиот дух од прва рака.

Главен камп во Мата до Бусакињо, Овар

По пет дена истражување, сите се собраа повторно на брегот во Кортегаса во огромниот Главен камп, преполн со работилници, игри, изложби и културни активности.

Вечерите беа исполнети со диџеи, меѓународни вечери, креативни работилници, зајдисонца и забавни предизвици, моменти кои се претворија во доживотни спомени под ѕвездите.

Од живописниот Лисабон, преку регионални авантури, до големото крајбрежно финале и церемонијата на затворање во Порто. Незаборавен настан што ни овозможи одблизу да ја доживееме португалската култура и традиција.

## 2.5Национални активности посетени од ПСИО

25. Ноќен Хајк – Осветли ја планината 15.02.2025



Традиционално повеќе од 20 години го осветлуваме Водно по повод Светскиот ден на извидниците 22 Февруари денот кога е роден Лорд Роберт Баден Пауел - основач на извидничкото движење 1907г. 10 членови од нашиот одред присуствуваа на ноќниот хајк – осветли ја планината по повод денот на извидниците 22 фебруари. Нашите водачи се искачуваа од полицијата до врв на водно каде што потоа на врвот во планинарското бачило имаше мала забава која беше организирана од страна на Сојуз на Извидници на Македонија. Можеме да кажеме дека оваа активност е една од поинтересните активности за нашите водачи.

26. Централна прослава по повод денот на извидниците 22 Февруари – 22.02.2025

22.02, Сабота, 70 извидници од Прв Скопски Извиднички Одред го одбележаа светскиот ден на извидниците 22 Февруари.

📍Оваа година Централната прослава по повод 22 Февруари се одржа во Свети Николе каде што домаќини беа извидниците од Извиднички одред “Гоце Делчев” - Свети Николе.

На оваа прослава присуствуваа повеќе од 500 извидници од Цела Македонија, учесниците имаа можност да се натпреваруваат во извиднички игри, ориентација,



тимски предизвици и да посетат разни работилници, дополнително за новите извидници беше организирано и свечено давање завет.

Добредојдовте, честитки до сите нови членови и среќен ден на извидниците.

Биди подготвен!!!

27. “Тренинг за справување со онлајн врсничко насилство и говор на омраза 09.05 – 11.05.2025




Изминатиот викенд од 9ти до 11ти мај се одржа тренинг за справување со онлајн врсничко насилство и говор на омраза, во рамки на двегодишната програма што има за цел да ги зајакне децата и младите да бидат активни чинители на промена!

Од Прв Скопски Извиднички Одред учествуваа 4 извидници од вкупно 50 учесници кои преку активности и со поддршка од менторите, дознаа повеќе за безбедноста на интернет, што е тоа онлајн насилство, во кои форми се јавува и како може да бидат активни против онлајн насилство и говор на омраза.

Програмата претставува продолжение на долгогодишното партнерство помеѓу UNICEF MK и Telekom MK преку кое се обезбедува помош на децата и на младите за да се справат со некои од најголемите предизвици со кои се соочува нивната генерација.

Програмата се спроведуваше во соработка со Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia.

Биди подготвен!

28. Водени Лудории 2025

Водени Лудории 2025 🌊



Непосредно пред да ги спакуваме ранците за летниот кам, време е да се потсетиме како се забавувавме и натпреварувавме на една од највеселите акции за ова лето.

Како и секоја година, оваа традиционална акција беше организирана од Извидничко Поречански Одред Галеб. На акцијата учествуваа извидници од повеќе извиднички одреди, вклучувајќи не и нас ПСИОвци.

За време на акцијата извидниците имаа можност да учествуваат во низа забавни, натпреварувачки активности и да создадат нови пријателства.

Во категорија извидници

🥈Второто место го освои екипата Пирани

🥉Третото место го освои екипата „Петарди“

Со срцата полни со убави спомени од Водени Лудории, веќе ги броиме деновите до нашиот летен камп, каде нè очекуваат нови авантури, искуства и незаборавни моменти.

29. Летен Извиднички камп 2025 – 07.07. - 13.07.2025

Летен извиднички камп 2025



7 дена поминати во извидничка дружба, авантура и забава. 1️⃣Во периодот од 7 до 13 јули под возбудливата тема „Циркус“ се организираше националниот летен камп кој собра над 150 извидници од цела Македонија, меѓу кои и 45 извидници од ПСИО! Во текот на седум дена, низ активности полни со енергија, креативност и забава, учесниците изработуваа тимски знамиња и химни, учеа нови извиднички вештини, уживаа и играа во охридското езерото, креираа маски и уметнички дела и се натпреваруваа во „mission impossible“ низ улиците на Охрид. Циркусот оживеа со работилници за жонглирање и баланс, а магичната атмосфера секоја вечер се заокружуваше со кино под отворено небо, маскенбал, логорски оган под ѕвездите и телант шоу. Летниот камп беше организиран од страна на Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia, чие посветено организирање и поддршка овозможија овој камп да се реализира беспрекорно и во духот на извидништвото.

30. Летни извиднички средби - 12 - 14.09.2025,

Септемвриски извиднички средби - традицијата и фолклорот на град Кичево.



40 извидници од ПСИО уживаа во 3 дена исполнети со забава, фолклор, култура, дружба и авантура низ Кичево.

👏Честитки до екипите:

„Папаја“ за освоено🥉место во категорија развигорци

„Не знаеме“ за освоено🥉место во категорија извидници

„Петарди“ за освоено 🥈место во категорија извидници

„Мајко-гушкачи“ за освоено 🥈место во категорија истражувачи.

Со извиднички поздрав, Здраво!

31. Тренинг за управување со животна средина

Горди сме што нашиот Старешина Бојан Ѓошев, водачот Андреј Кузевски - Кузе и наша Сара Крајчевска учествуваа на тренингот за тренери „Добро управување со животна средина“, организиран од Сојуз на извидници на Македонија и Мисијата на ОБСЕ Скопје.



По првиот тренинг за основи во 2024 година во Крушево, Бојан, Сара и Кузе сега успешно станаа помлади тренери на оваа тема – продолжувајќи да го збогатува своето неформално образование и да го пренесува извидничкиот дух на новите генерации.

Запознајте ги младите лидери кои го проширија своето знаење и сега се подготвуваат да станат тренери за животна средина Building the Next Generation of Environmental Educators

Викендов 3-5 октомври 18 млади еколошки активисти се стекнаа со вештини како да:

- ✔ Осмислуваат кампањи за заштита на животната средина
- ✔ Користат дигитални алатки за подигање на свеста
- ✔ Истражуваат и мапираат локални еколошки проблеми и иницијативи
- ✔ Вежбаат водење на едукативни сесии со млади

32. Тренинг за справување со онлајн врсничко насилство – Берово - 21-23.10

Во периодот од 21-23.10, извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред учествуваа на тридневна #DesignThinking работилница во Берово, организирана од UNICEF MK, Telekom MK и Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia.



Младите учесници работеа во тимови, размислуваа креативно и предлагаа иновативни решенија за поттикнување одговорно и безбедно однесување на интернет.

💻Целта на работилницата беше да се создадат нови иницијативи и идеи кои ќе придонесат кон позитивна дигитална култура и интернет без омраза.

## 3. Новости во ПСИО

Во текот на оваа година, Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО) влезе во нова фаза на развој со значајни организациски, програмски и инфраструктурни новини.

Оваа година ПСИО доби нов претседател – Бојан Ѓошев, како и нови членови на старешинството, и тоа: Кристијан Китанов, Сара Крајчевска и Андреј Кузевски. Со ова беа зајакнати управувачките структури на одредот и поставени темели за понатамошен стабилен и одржлив развој на извидничките програми и активности.

Во однос на членството, оваа година во ПСИО се зачленија 30 нови извидници, кои беа распределени во постоечките патроли и јата. Дополнително, одредот доби и 4 нови водачи, што претставува значаен исчекор во јакнењето на кадарот и лидерските капацитети. Новоформираното јато „Желади“ е водено од водачите Дарија и Гала, додека новото јато „Елки“ е водено од Неда и Катја.



Согласно извидничката традиција, ПСИО на секои две години ги обновува одредските маички, па така оваа година беше донесена одлука новите маички да бидат во лила боја, како симбол на свежина, препознатливост и заедништво.

Посебен акцент оваа година беше ставен и на унапредување на инфраструктурата. Во нашето шумско домче на Китка беше изградена надворешна кујна, со што значително се зголемија капацитетите за готвење и опслужување храна за време на кампови и активности. Дополнително, беше склучен договор за соработка со Ротари клуб, преку кој ќе добиеме дрвена куќарка, со што капацитетите за сместување ќе се зголемат за дополнителни 10 легла.

Ново за ПСИО оваа година е и реновирањето на извидничкото домче во центарот на градот. Просторот беше целосно искречен, ѕидовите беа избелени, а старите сијалици заменети со нови, поефикасни светилки. Дополнително, направен е нов внатрешен распоред со цел создавање пофункционален и попријатен простор за одржување на извидничките состаноци и активности.

Во текот на годината, ПСИО оствари и успешна соработка со Општина Центар, на тема „совесен возач“. Во рамки на оваа активност беа поделени информативни пакетчиња за безбедно и одговорно учество во сообраќајот, кои вклучуваа едукативни материјали, миризливи додатоци за автомобили и бомбони.

На крај, искрена благодарност упатуваме до нашите партнери и поддржувачи, кои и оваа година несебично стоеја зад нашите активности и иницијативи: Ин Брокер, Везе Шари, Мамас Фуд, Месарница Морава и Триглав Осигурување, како и сите пријатели на извидниците кои на различни начини придонесоа за успешната реализација на програмата.

## 4. Проекти

РЕФЕРЕНТНА ЛИСТА ЗА ИЗРАБОТЕНИ ПРОЕКТИ ВО 2024 ГОДИНА
Спроведувач: Прв Скопски Извиднички Одред
** На листата не се прикажани европски проекти од програмата Еразмус + финансирани од Европска Комисија, како и проекти на кои здружението било партнер апликант.

| Бр. | Донатор<br>Име на проект |
|---|---|
| **1.** | **European Scout Foundation - Cook it, camp it, scout it** |
| | Проектот „Cook it, Camp it, Scout it“ има за цел унапредување на Извидничкиот дом „Чичко Боро“ во Мала Река преку подобрување на инфраструктурата и промоција на безбедни и одржливи активности во природа. Со изградба на надворешна кујна, обележување планинарски патеки и вклучување на извидници и локалната заедница, проектот придонесе кон поголема посетеност, едукација на младите и зајакнување на заедничкиот дух и волонтерството. |
| **2.** | **Општина Центар**<br>**Еко Траг** |
| | Проектот „ЕкоТраг“ има за цел подигнување на еколошката свест кај децата преку иновативен извиднички метод и учење преку практика. Со работилници во основни училишта, мерење на еколошки отпечаток, акции за чистење и велосипедска тура, проектот ги мотивира младите да развијат одговорни навики и активно да се вклучат во заштитата на животната средина.Развивање емпатија и чувство за грижа за здрава и чиста животна средина<br>Р1. Подигната свест кај повеќе од 300 основци и нивните семејства за чиста и здрава животна околина;<br>Р2. Анализа со пресметка на еколошки отпечаток на повеќе од 300 семејства кои живеат во Скопје; 5<br>Р3. Исчистени дворни површини на 11 средни училишта и нивната околина;<br>Р4. Исчистена околината на Парк шумата Гази Баба преку промоција на велосипедизмот;<br>Р5. Промовирани извидниците и Општина Гази Баба како општествено одговорно и активно тело. |

## 5. Структура и волонтери во ПСИО



**Структура на Прв Скопски Извиднички Одред**

**Претседател**

**Бојан Ѓошев**

**Е-пошта: gosevbojan@gmail.com**

**Членови на Старешинство / Управен одбор**

**Андреј Кузевски / Е-пошта:** andrejkuzevski5@gmail.com

**Сара Крајчевска / Е-пошта:** sarakrajcevska0.@gmail.com

**Кристијан Китанов / Е-пошта:** kitanovk@gmail.com

**Началник на одред**

**Виктор Гилев**

**Е-пошта: viksa_pestaloci@hotmail.com / Поврзи се со Виктор Facebook**

**Водачи во Прв Скопски Извиднички Одред**

**1. Демјан Анатоли Голубов / Е-пошта: demjan.a.golubov@gmail.com**

**2. Владимир Камбовски / Е-пошта: VKambovski001@gmail.com**

**3. Александра Радевски / Е-пошта: aleksandraradevski@gmail.com**

**6. Андреј Кузевски / Е-пошта: andrejkuzevski5@gmail.com**

**7. Кристијан Китанов / Е-пошта: kitanovk@gmail.com**

**8. Петар Ѓошев / Е-пошта: gosevpetar@gmail.com**

**9. Петар Петровски / Е-пошта: petrovskip22@gmail.com**

**10. Мартина Тасева / Е-пошта: taseva.martina@yahoo.com**

**11. Сара Крајчевска / Е-пошта: sarakrajcevska0.@gmail.com**

**12. Ангелина Ефремова / Е-пошта: anngellinna.2003@gmail.com**

**13. Горјан Анѓушев / Е-пошта: angjush.gogo@gmail.com**

**15. Иван Велкоски / Е-пошта: ifcepifce@gmail.com**

**16. Снежана Јанковиќ / Е-пошта:** snezepsio@hotmail.com

**17. Дарија Величковска**

**18. Гала Трајановска Ковачич**

**19. Неда Лазаревска**

**20. Катја Календар**

**21. Миа Закев**

**22. Ивана Манчевска**

**23. Ана Димчевска Семенпеева**

ЕМБС: 04104285
Целосно име: ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 1.813.602,00 | | | 1.467.796,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 437.368,00 | | | 332.440,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 21.678,00 | | | 20.497,00 |
| 204 | - - Други услуги | 933.268,00 | | | 744.760,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 268.338,00 | | | 191.849,00 |
| 207 | - - Амортизација | 152.950,00 | | | 155.250,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | | | | 23.000,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 371.191,00 | | | 47.404,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 20.030,00 | | | 13.024,00 |
| 214 | - - Премии за осигурување | | | | 14.380,00 |
| 216 | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 351.161,00 | | | |
| 218 | - - Членарини | | | | 20.000,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 30.935,00 | | | 216.222,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 30.935,00 | | | 216.222,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 2.215.728,00 | | | 1.731.422,00 |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 685.501,00 | | | 1.823.025,00 |
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 685.501,00 | | | 1.823.025,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 2.901.229,00 | | | 3.554.447,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 1.552.531,00 | | | 2.790.696,00 |
| **247** | - - Други приходи | 362.911,00 | | | 78.250,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 985.787,00 | | | 685.501,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+248+249 | 2.901.229,00 | | | 3.554.447,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 2.901.229,00 | | | 3.554.447,00 |
| **438** | - - Број на работници | 1,00 | | | 1,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 326.800,00 | 628.000,00 | 456.450,00 | 171.550,00 |
| **3** | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 326.800,00 | 628.000,00 | 456.450,00 | 171.550,00 |
| **7** | - - Други материјални средства | 326.800,00 | 628.000,00 | 456.450,00 | 171.550,00 |
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 358.701,00 | 1.654.219,00 | | 1.654.219,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 358.701,00 | 1.654.219,00 | | 1.654.219,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 320.554,00 | 936.751,00 | | 936.751,00 |
| **13** | - - Благајна | 38.147,00 | 38.147,00 | | 38.147,00 |
| **14** | - - Девизна сметка | | 679.321,00 | | 679.321,00 |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 685.501,00 | 2.282.219,00 | 456.450,00 | 1.825.769,00 |
| **51** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | | | | 2.744,00 |
| **53** | - - б) Добавувачи | | | | 2.744,00 |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 685.501,00 | | | 1.823.025,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 685.501,00 | | | 1.823.025,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 685.501,00 | | | 1.825.769,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна | Исправка на | Нето за тековна |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | година | вредноста за тековна година | година |
|---|---|---|---|---|---|
| **643** | - - Набавна вредност на превозни средства | 628.000,00 | | | 628.000,00 |
| **645** | - - Исправка на вредност на превозни средства | 301.200,00 | | | 456.450,00 |
| **646** | - - Сегашна вредност на превозни средства (< или = АОП 007 од БС) | 326.800,00 | | | 171.550,00 |
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 21.000,00 | | | 146.274,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 8.662,00 | | | 60.540,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 1.273,00 | | | 9.408,00 |
| **688** | - - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР) | 1.552.531,00 | | | 2.790.696,00 |
| **692** | - - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР) | 362.911,00 | | | 78.250,00 |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 1,00 | | | 1,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 685.501,00 | | | 1.823.025,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 685.501,00 | | | 1.823.025,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 685.501,00 | | | 1.823.025,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **4631** | - 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. | | | | 3.554.447,00 |

**Потпишано од:**

Ljubica Nikchevska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G3, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G3

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.